СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# МЕРКИ И ОГРАНИЧУВАЊА ДОНЕСЕНИ ОД ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА КОВИД-19

-студија --

Илија Милчевски

Советник-истражувач и аналитичар по регионални прашања и меѓународни обврски

април 2020 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ........ 3

ВОВЕД ........ 4

I РАЗВОЈ НА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ........ 4

II ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ........ 5

III ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА МЕРКИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА ДОНЕСЕНИ ВО ДЕЛ ОД ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА КОВИД-19 ........ 8

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........ 13

**РЕЗИМЕ**

Зачетоците на актуелната пандемија на ковид-19 можат да бидат детектирани во градот Вухан, Народна Република Кина, каде на крајот на 2019 година се дијагностицирани првите случаи на оваа нова заразна болест. Ковид-19 се шири исклучително брзо, најпрвин на територијата на Народна Република Кина, а набргу потоа и во поголемиот дел од светот, поради што Светската здравствена организација (СЗО) на 30 јануари 2020 година прогласува состојба на Закана по јавното здравје од меѓународни размери, додека на 11 март 2020 година прогласува пандемија.

Веќе во март 2020 година, Европа прераснува во најголемо жариште на пандемијата, при што особено тешко се погодени Италија и Шпанија. Во одговор на ширењето на заразата, државите членки на ЕУ преземаат низа мерки насочени кон зголемување на социјалната дистанца, намалување на движењето и меѓусебната интеракција меѓу луѓето, како и изолација на потенцијалните извори на инфекцијата. Во пракса, најголемиот дел од државите членки донесуваат мерки, со различен опфат и интензитет, во следните области:

- забрана/запирање на национални настани;
- затворање на образовни установи и установи за грижа за деца;
- ограничувања на движење на национално ниво;
- затворање на продавници за артикли кои не се неопходни;
- ограничување на движењето преку државните граници; и,
- ограничување на воздушниот сообраќај.

Државите членки на ЕУ ги донесуваат споменатите ограничувања, како и другите неопходни мерки за справување со епидемијата на КОВИД-19 во различни правни и институционални контексти, во зависност од можностите кои од претходно биле предвидени со нивните правни поредоци, од една страна, и потребите воочени во процесот со справување со епидемијата (врз основа на сопствените, но и искуствата на други земји), од друга страна. Во оваа смисла, државите членки на ЕУ можат да бидат поделени во неколку категории: држави кои мерките за контрола на епидемијата ги донеле врз основа на можностите и механизмите предвидени со нивните постоечки закони (со или без донесување на измени заради нивно прилагодување кон новонастанатата ситуација); држави кои мерките за справување со кризата ги донесуваат врз основа на посебни закони (lex specialis), донесени исклучиво заради сузбивање на епидемијата, а кои најчесто имаат ограничен рок на важност; држави кои мерките против ковид-19 ги донесуваат во услови на активирање на посебни правни режими дефинирани со нивните устави (прогласување на некаков вид на вонредна состојба); и, држави кои комбинираат неколку од претходно споменатите пристапи, без при тоа да може да бидат дефинитивно и недвосмислено класифицирани во некоја од претходно наброените категории.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се мерките за спречување на ширењето на пандемијата на КОВИД-19, преземени од страна на државите членки на Европската Унија (ЕУ).

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I РАЗВОЈ НА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19

Зачетоците на актуелната пандемија на болеста ковид-19[1] можат да бидат детектирани во градот Вухан во Народна Република Кина, каде на крајот на 2019 година се дијагностицирани првите кластери на меѓусебно заразени лица, заболени од атипична вирусна пневмонија. Набрзо е утврдено дека предизвикувач на болеста е нов вид на корона-вирус (подоцна наречен SARS CoV-2), кој за прв пат е забележан кај луѓето, а кој е во блиско сродство со корона-вируси кои претходно биле откриени кај лилјаците. Ширењето на новата заразна болест набргу ескалира, и веќе на 22 јануари 2020 година официјалниот број на дијагностицирани случаи во Кина надминува 500. Истовремено, првиот случај на заболен од ковид-19 надвор од Кина е дијагностициран веќе на 13 јануари 2020 година во Тајланд. Брзото и неконтролирано ширење на новата заразна болест добива размери на епидемија, поради што Светската здравствена организација (СЗО) на 30 јануари 2020 година прогласува состојба на Закана по јавното здравје од меѓународни размери[2]. Во тој момент, официјалниот број на дијагностицирани случаи на ковид-19 во Народна Република Кина изнесува 9.692, додека бројот на случаи дијагностицирани надвор од Кина изнесува 98, во 18 различни држави. При тоа, веќе се регистрирани осум случаи на локална трансмисија на болеста во четири различни држави: Германија, Јапонија, Виетнам и Соединетите Американски Држави.[3]

Епидемијата на КОВИД-19 на територијата на Народна Република Кина ја доживува својата најдинамична ескалација во текот на месец февруари 2020

[1]Називот на болеста е кованица од поимите корона-вирусот и болест (Coronavirus+Disease=CoViD) и годината во која се регистрирани првите случаи – 2019 година (CoViD+2019=COVID-19)

[2] Состојбата на Закана по јавното здравје од меѓународни размери (анг. Public Health Emergency of International Concern) се прогласува врз основа на критериумите дефинирани со членот 12 и анексот 2 од Меѓународните здравствени регулативи на СЗО од 2005 година (World Health Organization, *International Health Regulations, 2005*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/246107/9789241580496-eng.pdf;jsessionid=F5E3268FC3495641945A349EDD838EA4?sequence=1 пристапено на 27.4.2020 година). Во споменатите критериуми спаѓаат, меѓу другото, проценката на импликациите врз јавното здравје, вообичаеноста или очекуваноста на појавата, проценката на ризикот за меѓународно ширење на болеста и проценката на ризикот ширењето на болеста да предизвика ограничувања на меѓународниот сообраќај и трговија.

[3]*Rolling updates on coronavirus disease (COVID-19)*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/events-as-they-happen (пристапено на 22.4.2020 година); *WHO Director-General's statement on IHR Emergency Committee on Novel Coronavirus (2019-nCoV)*, 30 January 2020, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-statement-on-ihr-emergency-committee-on-novel-coronavirus-(2019-ncov) (пристапено на 22.4.2020 година); како и Total Coronavirus Cases in China, достапно на: https://www.worldometers.info/coronavirus/country/china/ (пристапено на 24.4.2020 година).

година, кога вкупниот број на официјално потврдени случаи се зголемува од 14.380 (состојба на 1.2.2020 година) на 79.824 заразени (состојба на 29.2.2020 година). На крајот на февруари епидемијата е веќе ставена под контрола, што резултура со драстично забавување на растот на вкупниот број на случаи на КОВИД-19 во Кина – од 76.288 случаи на 21.2.2020, до 82.758 случаи на 21.4.2020 година, односно зголемување на вкупниот број на заразени за само 6.470 за период од два месеци.[4]

Истовремено со ставањето под контрола на епидемијата на ковид-19 на територијата на Кина, болеста започнува забрзано да се шири во други региони во светот. Ваквите динамика и опфат на ширењето на заразата, при кои за само две седмици, на крајот на февруари и почетокот на март 2020 година, вкупниот број на регистрирани случаи на глобално ниво забележува 13-кратно зголемување, додека бројот на земји погодени од болеста се зголемува тројно, резултира со официјално прогласување на пандемија на ковид-19 од страна на СЗО. На денот на прогласување на пандемијата, 11 март 2020 година, вкупниот број на регистрирани случаи на ковид-19 во светот изнесува над 118.000 заразени во 114 држави, додека вкупниот број на смртни случаи предизвикани од болеста изнесува 4.291.[5]

## II ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ

Во периодот на преминувањето на ковид-19 во фаза на пандемија, Европа го презема епитетот на најкритично жариште на заразата.[6] Од првиот европски случај, дијагностициран во Франција на 24 јануари 2020 година, за само два и пол месеци вкупниот број на случаи на ковид-19 во Европа се зголемува на 645.273 заболени (состојба на 7.4.2020 година), а вкупниот број на смртни случаи предизвикани од ова заболување во истиот период изнесува 51.958 починати. Најтешко погодени од ескалацијата на пандемијата во Европа се Италија и Шпанија. Во Италија, првиот случај на ковид-19 е дијагностициран на 31 јануари 2020 година. Вкупниот број на заболени регистрирани во Италија, до 7 април 2020 година, се зголемува на 132.547, при што за 16.525 од нив болеста има смртен исход. Во Шпанија, првиот случај на ковид-19 е регистриран само еден ден подоцна – на 1 февруари 2020 година. До 7 април 2020 година, во Шпанија се регистрирани вкупно 135.032 случаи на ковид-19, како и 13.055 смртни случаи предизвикани од оваа болест.[7]

---

[4]Total Coronavirus Cases in China, достапно на: https://www.worldometers.info/coronavirus/country/china/ (пристапено на 24.4.2020 година).

[5]*WHO Director-General's opening remarks at the media briefing on COVID-19 - 11 March 2020*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---11-march-2020 (пристапено на 22.4.2020 година)

[6] Ваквата констатација може да се земе како целосно валидна до крајот на март и почетокот на април, кога започнува трендот на нагло зголемување на бројот на дијагностицирани случаи на КОВИД-19 во САД. Како резултат на таквиот тренд, веќе кон средината на април вкупниот број на заразени во САД го надминува вкупниот број на случаи во сите Европа (види Total Coronavirus Cases in the United States, достапно на: https://www.worldometers.info/coronavirus/country/us, пристапено на 23.4.2020 година). Истовремено, забележливо е извесно забавување на растот на бројот на дијагностицирани случаи во Европа, кој сепак останува висок (види Reported Cases and Deaths by Country, Territory, or Conveyance, достапно на:https://www.worldometers.info/coronavirus/#countries, пристапено на 23.4.2020 година).

[7]European Commission, *Novel Coronavirus (COVID-19) Crisis State of Play of Measures Taken by the Commission – Information Note from the European Commission*, Brussels, 8 April 2020

Имајќи го предвид карактерот на заболувањето и начинот на неговото ширење, основните мерки кои како одговор на пандемијата ги преземаат државите членки на ЕУ главно се насочени кон успорување и запирање на ширењето на заразата преку зголемување на социјалната дистанца, намалување на движењето и меѓусебната интеракција меѓу луѓето, односно нивно сведување на неопходниот минимум, како и изолација на потенцијалните извори на инфекцијата. Во таа насока, до 7 април 2020 година, сите држави членки на ЕУ, со исклучок на Ирска, воведуваат ограничувања на преминувањето преку нивните државни граници, или пак целосно ги затвораат границите. До споменатиот датум, 11 држави членки на ЕУ целосно ги затвориле своите копнени граници, додека 15 членки на Унијата тоа го направиле делумно, односно вовеле рестрикции на определен вид на прекуграничен сообраќај. Во однос на воздушниот сообраќај, до споменатиот датум аеродромите останале целосно отворени во девет држави членки на ЕУ, додека остатокот од членките на Унијата вовеле ограничувања на полетувањата и слетувањата на нивните аеродроми.[8]

Во однос на движењето на граѓаните на териториите на државите членки, 26 од нив вовеле ограничувања од различен вид и степен до 7 април 2020 година. Дополнително, во истиот период универзитетите прекинале со изведување на наставата во сите држави членки, додека 26 од нив (со исклучок на Шведска) целосно ги затвориле училиштата и градинките. Истите држави членки (повторно со исклучок на Шведска) во истиот период вовеле ограничувања на работата, односно затворање на ресторани, кафе-барови и продавници кои не продаваат неопходни артикли. Целосен преглед на ограничувањата од овој вид воведени од страна на државите членки на ЕУ е прикажан во **табела 1**.[9]

И покрај повторното воведување на гранични контроли на националните граници на државите членки на ЕУ, односно ограничувањето на движењето на луѓето преку националните граници и во рамките на териториите на државите членки, кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19 не доведе до ограничување на движењето на стоките во рамките на внатрешниот пазар на Унијата. Заради превенирање на можните тешкотии во копнениот, особено патниот транспорт (на кој отпаѓа 75% од вкупниот транспорт на стоки во рамките на внатрешниот пазар) предизвикани од повторното воведување на гранични контроли од страна на државите членки, Европската комисија и државите членки дефинираа систем од т.н. зелени коридори. Основната цел на овој систем е намалување на времето на чекање, на најмногу 15 минути, на транспортерите на граничните премини. Сличен систем е воведен и заради овозможување на непречен транспорт на стоки по воздушен пат, преку донесувањето на Упатствата за олеснување на воздушниот карго транспорт[10] од страна на Европската комисија на 26 март 2020 година.[11]

[8]Ibid.

[9]Ibid.

[10]European Commission, Communication from the Commission C(2020) 2010 final, *European Commission Guidelines: Facilitating Air Cargo Operations during COVID-19 outbreak*, Brussels, 26.3.2020, достапно на официјалната интернетска страница на ЕУ: https://ec.europa.eu/transport/sites/transport/files/legislation/c20202010_en.pdf (пристапено на 27.3.2020 година).

[11]European Commission, *Novel Coronavirus (COVID-19) Crisis State of Play of Measures Taken by the Commission – Information Note from the European Commission*, Brussels, 8 April 2020

**Табела 1: Вид и степен на ограничувања воведени од државите членки на ЕУ заклучно со 6 април 2020 година**[12]

| | вид и степен на ограничувања | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| држава | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| **Австрија** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Белгија** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (red) | (yellow) |
| **Бугарија** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Германија** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Грција** | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) |
| **Данска** | (red) | (red) | (green) | (red) | (red) | (green) |
| **Естонија** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Ирска** | (red) | (red) | (red) | (red) | (yellow) | (green) |
| **Италија** | (red) | (red) | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Кипар** | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) |
| **Латвија** | (yellow) | (yellow) | (yellow) | (yellow) | (yellow) | (yellow) |
| **Литванија** | (yellow) | (red) | (yellow) | (yellow) | (yellow) | (yellow) |
| **Луксембург** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (red) | Н/П |
| **Малта** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (red) | (red) |
| **Полска** | (red) | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (red) |
| **Португалија** | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) | (red) | (yellow) |
| **Романија** | (red) | (red) | (red) | (red) | (yellow) | (red) |
| **Словачка** | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) | (red) | (red) |
| **Словенија** | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) |
| **Унгарија** | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) | (yellow) | (yellow) |
| **Финска** | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) | (red) | (red) |
| **Франција** | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) | (yellow) |
| **Холандија** | (red) | (red) | (red) | (red) | (yellow) | (yellow) |
| **Хрватска** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (yellow) | Н/П |
| **Чешка** | (red) | (red) | (yellow) | (red) | (red) | (yellow) |
| **Шведска** | (red) | (yellow) | (yellow) | (green) | (yellow) | (yellow) |
| **Шпанија** | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) | (red) |

## Вид на ограничувања:

1. Забрана/запирање на национални настани
2. Затворање на образовни установи и установи за грижа за деца
3. Ограничувања на движење на национално ниво
4. Затворање на продавници за артикли кои не се неопходни
5. Ограничување на движењето преку државните граници
6. Ограничување на воздушниот сообраќај

## Степен на ограничување:

| | |
|---|---|
| Целосно / преку мерки на национално ниво | (red) |
| Делумно / преку мерки на регионално ниво | (yellow) |
| Не се воведени ограничувања | (green) |

[12] Извор: European Commission, *Novel Coronavirus (COVID-19) Crisis State of Play of Measures Taken by the Commission – Information Note from the European Commission*, Brussels, 8 April 2020

## III ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА МЕРКИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА ДОНЕСЕНИ ВО ДЕЛ ОД ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА КОВИД-19[13]

Државите членки на ЕУ ги донесуваат споменатите ограничувања, како и другите неопходни мерки за справување со епидемијата на ковид-19 во различни правни и институционални контексти, во зависност од можностите кои од претходно биле предвидени со нивните правни поредоци, од една страна, и потребите воочени во процесот со справување со епидемијата (врз основа на сопствените, но и искуствата на други земји), од друга страна. Во оваа смисла, државите членки на ЕУ можат да бидат поделени во неколку категории: држави кои мерките за контрола на епидемијата ги донеле врз основа на можностите и механизмите предвидени со нивните постоечки закони (со или без донесување на измени заради нивно прилагодување кон новонастанатата ситуација); држави кои мерките за справување со кризата ги донесуваат врз основа на посебни закони (lex specialis), донесени исклучиво заради сузбивање на епидемијата, а кои најчесто имаат ограничен рок на важност; држави кои мерките против ковид-19 ги донесуваат во услови на активирање на посебни правни режими дефинирани со нивните устави (прогласување на некаков вид на вонредна состојба); и, држави кои комбинираат неколку од претходно споменатите пристапи, без при тоа да може да бидат дефинитивно и недвосмислено класифицирани во некоја од претходно наброените категории.

Мерките на ограничувањево **Австрија** се донесени врз основа на претходно постоечкиот Законот за епидемии, како и врз основа на новодонесениот Закон за привремените мерки за спречување на ширењето на ковид-19, со кој се врши дополнување на Законот за епидемии и чие правно дејство е временски ограничено до крајот на 2020 година. Врз основа на првоспоменатиот Закон се воведени забраните за јавни собири; затворени се градинките, училиштата и универзитетите; воведени се ограничувања или забрани за работа на стопански субјекти; воведени се ограничувања или забрани за движење на определени локации; воведени се ограничувања и забрани за влез на лица и возила од други држави; и, пропишани се дополнителни услови за работа на транспортните претпријатија. Врз основа на второспоменатиот Закон се даваат дополнителни овластувања на надлежните органи на власта за донесување на правни акти со кои се забранува пристапот до определени стопански субјекти, стоки и услуги.

Ограничувањата во **Бугарија** се воведени врз основа на прогласената вонредна состојба (со одлука на Народното собрание донесена на 13 март 2020 година). Во врска со воведената вонредна состојба, Народното собрание донесе и посебен Закон за мерките и активностите за време на вонредната состојба, со кој меѓу другото се засилуваат надлежностите на министерот за здравство; се овозможува алоцирање на дополнителни фондови за набавка на неопходните хигиенски, медицински и заштитни материјали и опрема; се продолжуваат или суспендираат роковите поврзани со остварувањето на правата и обврските на физичките и правните лица, како и со водењето на управните и судските постапки; се уредуваат прашања поврзани со работата надвор од работното место и со платеното и неплатеното отсуство од работа;

[13] Податоците изнесени во ова поглавје се преземени од одговорите на прашалникот на ЕЦПРД бр. 4373 (ECPRD Request No. 4373: *Legal regimes of state of health emergency in Europe*).

се уредуваат прашања поврзани со далечинското учење и настава; како и се уредуваат процедурите и условите за вклучување на вооружените сили во спроведувањето на антиепидемиските мерки.

Мерките и ограничувањата воведени во **Германија** заради сузбивање на ширењето на КОВИД-19 се донесени врз основа на Законот за превенција и контрола на заразните болести. Споменатиот Закон предвидува споделена надлежност меѓу властите на сојузно ниво (Сојузната влада и сојузното Министерство за здравство) и соодветните власти на ниво на федерални покраини (Лендери) во спроведувањето на предвидените мерки. Поради таквата поделба на надлежностите, Сојузната влада и владите на федералните покраини договорија минимален пакет од девет мерки кои треба да бидат спроведени од страна на органите на сите федерални покраини. Минималниот пакет на мерки предвидува, меѓу другото: сведување на социјалните контакти на минимум; одржување на дистанца меѓу луѓето на јавни места од најмалку 1,5 метри; групирањето на отворено е дозволено за групи од најмногу две лица (освен во случаи кога лицата припаѓаат на исто домаќинство, за кои е дозволено формирање и на поголема група); затварање на рестораните (при што им се дозволува да продолжат да вршат услуги на достава на храна); затварање на фризерските салони и салоните за убавина; стриктно почитување на правилата за одржување на хигиена и за заштита на вработените и јавноста/клиентите од страна на сите претпријатија и институции; и, имплементација на целосниот пакет мерки во период од најмалку две седмици. Покрај споменатиот минимален пакет на мерки, дел од сојузните покраини (Баварија, Берлин, Сар и Саксонија) воведоа и дополнителни построги мерки кои предвидуваат ограничување на движењето на нивната територија. Дополнително, германскиот Бундестаг донесе одлука за прогласување на епидемија на национално ниво, а веднаш потоа, на 25 март 2020 година, донесе измени и дополнувања на Законот за превенција и контрола на заразните болести. Со донесените измени се прошируваат и зајакнуваат надлежностите на сојузното Министерство за здравство, за донесување на мерки со кои се обезбедува снабдувањето со лекови, дијагностички средства, заштитна опрема и средства за дезинфекција, како и за донесување на мерки во насока на зајакнување на човечките ресурси ангажирани во националниот систем за здравствена заштита. Измените предвидуваат дека мерките во овие области Министерството може да ги спроведува преку донесување на наредби (гер. Anordnungen), но и на законодавни декрети (гер. Rechtsverordnungen) без согласност од Бундесратот (горниот дом на Парламентот), а со кои може да пропишува исклучоци од општите норми определени со сојузните закони. Измените и дополнувањата на Законот за превенција и контрола на заразните болести исто така предвидуваат засилување на надлежностите за донесување на мерки за ограничување на движењето. Проширените надлежности предвидени со измените и дополнувањата на Законот за превенција и контрола на заразните болести имаат ограничено времетраење, најдоцна до 31 март 2021 година.

Мерките за справување со кризата предизвикана од ковид-19, вклучително и ограничувањата донесени заради спречување на ширењето на заразата во **Грција** се донесени врз основа на прогласената вонредна состојба. Вонредната состојба, прогласена врз основа на членот 44 од Уставот, го овластува Претседателот на Републиката да донесува правни акти со законска

сила, на предлог на Владата. Овие акти имаат правно дејство со ограничено времетраење. За продолжување на нивната важност, тие треба да бидат поднесени за потврда до Парламентот, во три рок од 40 дена од нивното донесување, по што Парламентот треба да го потврди нивното важење во рок од месеци од денот на приемот на актот.

Заради справување со кризата предизвикана од епидемијата на ковид-19, Владата на **Италија** ја активираше процедурата предвидена со членот 77 од Уставот, кој предвидува можност Владата да донесува декрети со сила на закон (ита. decreto-legge) во исклучителни ситуации на неопходност и итност. Во рамките на своите напори за сузбивање на епидемијата, Владата на Италија донесе два декрети со законодавна сила – Декретот со сила на закон бр. 6 од 23.2.2020 година и Декретот со сила на закон бр. 19 од 25.3.2020 година. Со овие декрети е воспоставена законската рамка со која се дефинираат надлежностите, како и поединечните и специфични мерки за имплементација кои им стојат на располагање на надлежните државни органи во борбата против ширењето на ковид-19.

Во случајот на **Словенија**, ограничувањата донесени во контекст на мерките за спречување на ширењето на ковид-19 се донесени исклучиво врз основа на веќе постоечките закони: Законот за заразни болести и Законот за Владата на Република Словенија, без поголеми интервенции во постоечкиот правен поредок, во смисла на прогласување на вонредна состојба или на донесување на посебни закони за справување со новонастанатата состојба.

Мерките за справување со епидемијата на ковид-19 во **Унгарија** се донесени во услови на прогласената состојба на опасност (еквивалент на вонредна состојба), со одлука на Владата донесена на 11 март 2020 година, во согласност со членот 53 од Уставот. Одлуката на Владата, со првична важност од 15 дена, беше подоцна потврдена од страна на Парламентот, со што се овозможи продолжување на состојбата на опасност. Дополнително, Парламентот го донесе Законот бр. XII од 2020 за спречување на ширењето на корона-вириусот, со кој во контекст на прогласената вонредна состојба се дефинираат мерките кои владата може да ги преземе заради сузбивање на епидемијата. Во таа смисла, Владата е овластена да преземе низа на вонредни мерки, како и да ја суспендира примената на одредени правни акти, во согласност со принципите на целисходност (неопходност) и пропорционалност на мерките во однос на целите кои треба да бидат постигнати.

Според проценките на состојбата со ширењето на ковид-19 во **Франција**, постоечката правна рамка е оценета како недоволна и неадекватна да одговори на потребите, поради што е донесен посебен Закон бр. 2020-290 од 23 март 2020 година, со кој е воспоставена здравствена вонредна состојба. Со споменатиот Закон се прошируваат овластувањата и надлежностите на Владата во однос на мерките кои може да бидат применети заради справување со епидемијата. Во таа смисла, Законот го овластува премиерот да воведе посебни ограничувања во границите на територијалните единици каде развојот на епидемијата го изискува тоа, а кои можат да се состојат од: ограничување или забрана на движењето на лица и возила; забрана за напуштање на домовите; затварање на угостителските објекти и местата на кои вообичаено се собираат поголем број на лица; забрана на собири на јавните патишта; и,

издавање на наредби за реквизиција на стоки и услуги неопходни за борба против епидемијата, како и за мобилизација на лица неопходни за ставање во употреба или доставување на споменатите стоки и услуги. Вонредната состојба воспоставена со овој Закон има ограничено времетраење од два месеци, кое може да биде продолжено со одлука на Парламентот, но не може да биде продолжувано по 1 април 2021 година.

Мерките за спречување на ширењето на ковид-19 во **Хрватска** се спроведуваат во контекст на постоечкиот систем за цивилна заштита. Системот за цивилна заштита е активиран на 20 февруари 2020, со одлука на Владата на Република Хрватска, уште пред дијагностицирањето на првиот случај на КОВИД-19 во земјата (регистриран на 25.2.2020 година). По зголемувањето на бројот на заболени, на 11.3.2020 е донесена одлука за прогласување на епидемија на целата територија на Хрватска. Во контекст на потребите произлезени од напорите за справување со епидемијата на ковид-19, Хрватскиот сабор на 18.3.2020 година ги донесе потребните измени и дополнување на Законот за системот на цивилна заштита.

Досегашните мерки насочени кон спречување на ширењето на ковид-19 во **Шведска** се донесени врз основа на постојниот Закон за заразни болести. На 7 април 2020 година Владата поднесе предлог до Парламентот за измени и дополнување на споменатиот Закон, дефиниран врз основа на стекнатите искуства и воочените потреби и слабости во дотогашниот тек на процесот на сузбивање на епидемијата. Целта на предложените измени е да се овозможи побрза реакција од страна на Владата, преку нејзини поshироки овластувања за донесување на привремени мерки заради ограничување на ширењето на болеста.

Мерките за сузбивање на ширењето на ковид-19 во **Шпанија** се донесени во контекст на прогласената состојба на тревога, која претставува една од трите видови на вонредни состојби дефинирани во членот 116 од Шпанскиот устав. Состојбата на тревога е прогласена на 14 март 2020 година со одлука на Владата, а подоцна е потврдена од страна на Долниот дом на Парламентот, во согласност со уставно пропишаната постапка.

Изработил: Илија Милчевски

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. *Rolling updates on coronavirus disease (COVID-19)*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/events-as-they-happen
2. *WHO Director-General's statement on IHR Emergency Committee on Novel Coronavirus (2019-nCoV)*, 30 January 2020, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-statement-on-ihr-emergency-committee-on-novel-coronavirus-(2019-ncov)
3. Total Coronavirus Cases in China, достапно на: https://www.worldometers.info/coronavirus/country/china/
4. *WHO Director-General's opening remarks at the media briefing on COVID-19 - 11 March 2020*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---11-march-2020
5. Total Coronavirus Cases in the United States, достапно на:https://www.worldometers.info/coronavirus/country/us
6. Reported Cases and Deaths by Country, Territory, or Conveyance, достапно на:https://www.worldometers.info/coronavirus/#countries
7. European Commission, *Novel Coronavirus (COVID-19) Crisis State of Play of Measures Taken by the Commission – Information Note from the European Commission*, Brussels, 8 April 2020
8. World Health Organization, *International Health Regulations(2005)*, достапно на официјалната интернетска страница на СЗО: https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/246107/9789241580496-eng.pdf;jsessionid=F5E3268FC3495641945A349EDD838EA4?sequence=1
9. European Commission, Communication from the Commission C(2020) 2010 final, *European Commission Guidelines: Facilitating Air Cargo Operations during COVID-19 outbreak*, Brussels, 26.3.2020, достапно на официјалната интернетска страница на ЕУ: https://ec.europa.eu/transport/sites/transport/files/legislation/c20202010_en.pdf
10. ECPRD Request No. 4373*: Legal regimes of state of health emergency in Europe*


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од
корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот,
истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот
при добивањето на барањето и во текот на изработката на
истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна
природа, политички неутрални и објективни, се
фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту
сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во
Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348